Република Северна Македонија
Министерство за финансии
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**




# СТРАТЕГИЈА ЗА РЕАЛНА И НАПЛАТЛИВА ЛИСТА НА ДОЛЖНИЦИ 2026 - 2027

# СОДРЖИНА

АКРОНИМИ....4

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ....5

ВОВЕД....6

ЦЕЛ И ОПФАТ НА СТРАТЕГИЈАТА....7

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА....8

МЕРКИ НА СТРАТЕГИЈАТА....12

ПРАВНАРАМКА....17

ДРУГИ ПРАШАЊА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА....18

МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ....19

ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА УСПЕШНОСТА ....20

РИЗИЦИ И МЕРКИ ЗА НИВНО УБЛАЖУВАЊЕ ....21

ЗАКЛУЧОК....22

# АКРОНИМИ

- УЈП – Управа за јавни приходи
- РД – Регионална Дирекција
- ДГДО – Дирекција за големи даночни обврзници
- ДО – Даночни одделенија
- СНУД – Сектор за наплата и управување со долгови
- СРУД – Сектор за регистрација и утврдување на даноци
- СИТ – Сектор за информациски технологии
- СПР – Сектор за правни работи
- ССПАС – Сектор за стретешко планирање, анализи и статистика
- ОНУД – Одделение за наплата и управување со долгови
- ОРУД – Одделение за регистрација и утврдување на даноци
- ИРК – Извршен раководен комитет
- ДДВ – Данок на додадена вредност
- ДД – Данок на добивка

- ДЛД – Данок на личен доход
- МПИН – Месечна пресметка за интегрирана наплата
- ЗДП – Закон за даночна постапка
- ГДП – Годишна даночна пријава
- СВД – Самостојни вршители на дејност
- РКОНТ – Редовна контрола
- ДБ – Даночен биланс
- ДД ДО – Пресметката на данок на добивка при престанување на условите за даночно ослободување
- ДДВ ПНПИ - Извештај за задржан данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување
- ДЛД ГДП – Годишна даночна пријава за утврдување на данокот на личен доход
- МВР – Министерство за внатрешни работи
- АКН – Агенција за катастар на недвижности
- ЦРРСМ – Централен регистар на Република Северна Македонија



# ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ

Управувањето со даночните долгови е еден од најчувствителните и најважните сегменти во работењето на даночната администрација. Тоа не е само прашање на наплата, туку прашање на правичност, доверба и одговорно управување со јавните ресурси.
Во услови на ограничени човечки и институционални капацитети, квалитетот на податоците со кои работиме е клучен. Листата на даночни должници не смее да биде статистички збир на историски долгови, туку оперативна алатка која ни овозможува да ги насочиме ресурсите таму каде што наплатата е реално возможна и оправдана.

Кога долговите остануваат долго време ненаплатени, последиците не се само финансиски. Се зголемува даночниот јаз, растат трошоците за постапување, а сложеноста на предметите со текот на времето ја намалува веројатноста за успешна наплата. Во исто време, неуспешната наплата остава впечаток на неефикасност и ја нарушува довербата на граѓаните во даночната администрација.

Затоа, прочистувањето на листата на должници не е административна формалност, туку стратешка одлука. Ефикасната наплата започнува со чисти податоци. Прочистена, реална и управлива листа значи јасен фокус, ресурси насочени кон вистински мерки, подобри резултати и поголема доверба во даночната администрација. Листата на должници мора да биде алатка, а не архива.

Речиси седум години од мојата професионална кариера ги поминав токму во функцијата наплата и управување со долгови. Тоа беа години на учење, предизвици и резултати, години во кои ја сфатив комплексноста, но и клучната важност на оваа област. И од оваа позиција останувам посветена и давам целосна поддршка за иновативни пристапи во наплатата и управувањето со долговите, но да не ги изгубиме од вид и традиционалните пристапи и да се држиме до целите и принципите на доброто – или, би рекла, паметното управување со даночните долгови

Директор
м-р Елена Петрова

# ВОВЕД

Ефикасното управување со обврските за плаќање даноци и ефективната наплата на заостанатите даночни долгови претставуваат клучен сегмент во одржувањето стабилна приходна страна на јавните финансии. Правната рамка донесена пред дваесеттина година дава солидни законски овластувања на Управата за јавни приходи за наплата и управување со даночните долгови. Затоа, Управата сега силно е посветена на зголемување на ефикасноста и ефективноста и зајакнување на своите капацитети преку подобрување на пристапите и прифаќање на добрите пракси на другите даночни администрации, а особено:

- Воведување превентивни и проактивни пристапи кон даночните обврзници пред доспевање и непосредно по доспевање на даночните обврски, со цел што повисоко доброволно плаќање на даночните обврски и што помала зачестеност и висина на заостанати доспеани даночни долгови;
- Развивање на став и пристап со кој наплатата е вградена како клучна цел во секоја функција и секој даночен процес во УЈП – преку услугите даночните обврзници треба да добијат информации и поддршка за точно плаќање на долговите, преку регистрацијата и обработката на даночните пријави треба ажурно да се создава податочната основа за наплата на долговите, а надворешната контрола мора да ја утврдува фактичката состојба и од аспект на ефективна наплата на дополнително утврдениот данок;
- Воведување нова внатрешна организација со акцент на специјализација по процесни дејства, јасен фокус на новонастанат долг и зголемен капацитет за решавање на посложени случаи;
- Ажурирање на интерните упатства, процедури и методологии за работа, како рамка за конзистентност, јасна поделба на должности и одговорности и сл.
- Дигитализација на процесите за наплата и управување со долгови како вграден дел во стратешки пристап за трансформација на работењето на УЈП, што ќе овозможи автоматско управување со работниот тек, електронско водење на досиеја, електронска трага на сите преземени дејствија и сл.

Управувањето со долгови бара прагматизам, да може да се препознае кога повеќе не може да се наплати или не е економично и целисходно да се наплаќа долгот, а кои се долгови за кои треба активно да се насочат ресурсите на УЈП. Листата на должници на Управата за јавни приходи со текот на годините стана обемна, неажурирана и ја отежнува правилната перцепција за даночните побарувања на државата и планирањето на мерките.

Стратегијата за прочистување на листата на должници претставува премостување и суштинско решение за воспоставување на здрава основа за понатамошна работа, со која треба да се надмине досегашната состојба на наталожени и неажурирани податоци во регистарот на даночни обврзници, даночната евиденција и досиејата на должници за кои се веќе поведени постапки за присилна наплата. Прочистувањето на овие податоци е неопходно за да може во целина со сите други мерки за јакнење на капацитетите да се овозможи зголемување на ефикасноста и ефективноста на наплатата на долговите и зајакнување на правичноста на системот.

# ЦЕЛ И ОПФАТ НА СТРАТЕГИЈАТА

Општа цел на оваа Стратегија е да се воспостават јасни чекори и методологија за прочистување на листата на должници и како резултат да добиеме реална, ажурирана и управлива листа на доспеани долгови која ќе овозможи подобро насочување на ресурсите и поефикасна наплата.

**Специфични цели на оваа Стратегија се:**

- Идентификација на ненаплатливи долгови и долгови за кои застарела можноста за наплата
- Приоритизацијата на мерките за наплатливите долгови
- Воспоставување нов посебен пристап за ненаплатливите долгови
- Градење знаење и соодветни пристапи за сложени и високи ризични случаи
- Градење знаење за ризици кои се актуелизирале и пристапи за нивно ублажување од сега понатаму
- Утврдување точна почетна состојба која ќе биде пренесена во новиот интегриран даночен информациски систем на УЈП „е-УЈП"
- Намалување на даночниот јаз поврзан со ненаплатени даночни обврски
- Зголемување на транспарентноста и кредибилитетот на податоците за даночните побарувања на државата.

Стратегијата ќе ги опфати сите видови даночни долгови и придонеси, и физичките и правните лица како должници, и активните и неактивните даночни обврзници.

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## СТРУКТУРА НА ЗАОСТАНАТИТЕ ДОЛГОВИ

Анализата на листата на должници е правена по повеќе критериуми, со споредба за период од седум години (во натамошниот текст: анализираниот период) по податоците од листите почнувајќи од Листата на должници бр.12/19 до Листата бр.12/25 и со сегментација на состојбата во Листата бр.12/25.

- **Број на даночни должници**

| Листа бр. | Вкупно број | ДДВ | ДД | МПИН | ДЛД |
|---|---|---|---|---|---|
| 12/19 | 4,529 | 1,647 | 1,166 | 3,169 | 1,437 |
| 12/20 | 4,873 | 1,717 | 1,090 | 3,518 | 1,341 |
| 12/21 | 4,789 | 1,478 | 909 | 3,698 | 1,164 |
| 12/22 | 4,924 | 1,370 | 807 | 3,939 | 1,044 |
| 12/23 | 5,474 | 1,443 | 876 | 4,450 | 1,009 |
| 12/24 | 5,815 | 1,512 | 936 | 4,873 | 817 |
| 12/25 | 6,137 | 1,532 | 942 | 5,272 | 773 |

- **Висина на долг**

| Листа бр. | Вкупен износ | Износ ДДВ | Износ ДД | Износ МПИН | Износ ДЛД |
|---|---|---|---|---|---|
| 12/19 | 10,015,227,614 | 4,948,304,289 | 2,446,834,724 | 1,188,197,553 | 1,431,891,048 |
| 12/20 | 10,274,092,966 | 5,759,809,802 | 1,952,489,404 | 1,242,354,169 | 1,319,439,591 |
| 12/21 | 8,692,436,701 | 5,262,319,491 | 1,300,279,645 | 1,179,983,427 | 949,854,138 |
| 12/22 | 7,698,180,621 | 4,596,201,196 | 1,052,216,890 | 1,217,194,408 | 832,568,127 |
| 12/23 | 8,846,892,326 | 5,590,903,490 | 1,136,019,402 | 1,296,366,232 | 823,603,202 |
| 12/24 | 11,063,530,677 | 7,519,043,460 | 1,366,057,788 | 1,567,545,302 | 610,884,127 |
| 12/25 | 12,183,236,380 | 8,266,472,763 | 1,575,342,482 | 1,647,694,105 | 693,727,030 |

- **Видови даночни должници - правни и физички лица**

| Форма | Број на должници | Износ на долг |
|---|---|---|
| Правни лица | 2,049 | 10,951,213,465 |
| Физички лица | 4,088 | 1,232,022,915 |
| Вкупно | 6,137 | 12,183,236,380 |

- **Број на должници по регионални дирекции**

| РД | Број на должници | Износ на долг |
|---|---|---|
| Скопје | 1,425 | 6,524,374,007 |
| Битола | 602 | 723,087,082 |
| Прилеп | 1,275 | 875,119,850 |
| Струмица | 1,528 | 1,555,121,071 |
| Тетово | 651 | 1,265,998,963 |
| Штип | 656 | 1,239,535,407 |
| Вкупно | 6,137 | 12,183,236,380 |

- **Вкупен долг и број на должници по прагови**

| Прагови | Број на должници | Износ на долг |
|---|---|---|
| до 500.000 | 4,519 | 983,384,011 |
| 500.000-1.000.000 | 667 | 461,008,918 |
| 1.000.000-5.000.000 | 642 | 1,393,709,342 |
| 5.000.000-10.000.000 | 151 | 1,048,246,396 |
| над 10.000.000 | 158 | 8,296,887,713 |
| **Вкупно** | **6,137** | **12,183,236,380** |

- **Старост на долговите според прво објавување на должникот на Листа**

| Година на објавување | Број на должници | Износ на долг |
|---|---|---|
| Пред 2019 | 2,051 | 4,978,131,202 |
| 2019 | 403 | 890,239,949 |
| 2020 | 550 | 874,193,879 |
| 2021 | 512 | 1,214,515,346 |
| 2022 | 556 | 1,150,742,491 |
| 2023 | 723 | 1,161,836,310 |
| 2024 | 618 | 833,910,446 |
| 2025 | 724 | 1,079,666,757 |
| **Вкупно** | **6,137** | **12,183,236,380** |

## КЛУЧНИ ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРОБЛЕМИ И ПРИЧИНИТЕЛИ

**Проблеми:**

- Висок удел на стари и тешко наплатливи долгови
- Оптоварување на ресурсите со предмети без реален наплатен потенцијал
- Неажурни и неточни состојби во даночната евиденција и даночните регистри

**Причинители:**

- **Сложеност на контекстот за наплата на заостанатите даночни долговите**
  Заостанатите даночни долгови и, особено, кумулирањето на долгови кај еден должник, најчесто е последица на неточно пресметување и ненавремено пријавување и плаќање на даночните обврски. Даночната евазија е сенка на даноците. Секогаш ќе постојат обврзници кои свесно избегнуваат да плаќаат. Нивната „имагинација“ оди до пренос на имотот на блиски лица, злоупотреба на правните договори, префрлање на бизнисите преку „феникс“ измами, па сè до лажни стечаи.
  Колку е постар долгот, толку случајот станува покомплексен и веројатноста за наплата се намалува. Во сложените случаи неретко се вклучени банки и други доверители, сосопственици на имотот на должникот, нерешени имотно-правни прашања, залог од друг ред, неможност од пронаоѓање на движен имот на терен, судска забрана за наплата од средствата на јавните претпријатија кои им се потребни за оперативно работење, правни пречки кај задршка од плата или пензија, па и странски даночни администрации кога во правниот субјект фигурира нерезидент како основач или управител, што значи дополнителна правна и административна тежина.

- **Ограничена поврзаност помеѓу контролата и наплатата**
  Праксата во УЈП долги години покажуваше дека функцијата даночна контрола, која има значајна улога за проверка на правилноста на пресметувањето на даноците и утврдување дополнителни (непријавени) даноци, немаше директна одговорност за обезбедување тие даноци да бидат наплатени. Мерките за учинок и успех на даночната контрола мора да бидат поврзани не само со износот на утврден данок, туку и со наплатениот износ.

- **Ограничена употреба на специфични мерки за сложените случаи**
  Во УЈП не постои систематски пристап за следење на сложените случаи и примена на сите законски достапни мерки, како испитување дали постои бесплатен пренос на имот на блиски лица, пренос на деловен потфат и сл. со цел да се влијае на ограничување на можноста за наплата на долгот. Со новата внатрешна организација се воспоставува посебна служба која ќе биде одговорна за овие специфични постапки.

- **Недостаток на автоматизација, многу мануелно управувани процеси**
  Ваквите состојби влијаат на ажурноста и точноста на податоците во даночната евиденција и даночните регистри.

- **Недостаток на редовно управување со постарите долгови**
  Неажурното прочистување на евиденциите и неажурното преземање на мерки во даночна постапка се јавува особено кога состојбите укажуваат на застарени и ненаплатливи долгови кои бараат донесување на одлуки за прекин и запирање на постапките за присилна наплата и спроведување привремен и траен отпис на долг во евиденциите, кои одлуки вработените во УЈП не ги практикуваа рутински и редовно.

# МЕРКИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Листата на должници ќе се прочистува низ систематски процес, преку класификација и сегментација на долговните состојби и преземање на соодветни активности и соодветни мерки за секоја категорија на долг.

## КЛАСИФИКАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ДОЛГОВИТЕ

**Критериуми за класификација и приоретизација**
- Случаи со најголем удел на Листата на должници
- Статус на должникот (активен/неактивен, во стечај)
- Висина на долгот
- Старост на долгот
- Случаи поврзани со ризици за неточни податоци

**Категории на долгови**
- Наплатливи
- Тешко наплатливи
- Ненаплатливи
- Застарени

## ПРГЛЕД НА МЕРКИТЕ

**Ажурирање и верификација на податоците**
- Уточнување на даночните евиденции и регистри
- Размена на податоци со други институции

**Идентификација на неактивни даночни обврзници**
- Анализа
- Теренски и комуникациски активности
- Размена на податоци со други институции

**Утврдување наплатливост и застареност на долговите**
- Анализа
- Теренски и комуникациски активности
- Размена на податоци со други институции (имотна состојба на должникот)
- Систематски преглед на досиеја и преземени мерки
- Привремен отпис
- Траен отпис
- Запирање на присилн наплата

**Фокусирани мерки за наплатливи долгови**

- Репрограмирање
- Присилна наплата
- Правни мерки и судски постапка за сложени случаи (специфични постапки)
- Законски мерки кон одговорни лица
- Меѓународна административна помош

## АЖУРИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

*Уточнување на даночна евиденција*

Точноста на податоците во Листата на должници е условена од точноста на податоците во даночните евиденции и регистри, од каде е неопходно да се работи на уточнување на даночната евиденција. Посебен осврт ќе се даде на состојби кои се индиктори за неусогласени податоци, како што е наведено подолу.

☑ **ДДВ**

- Поврзани лица за цели на ДДВ, статусот на носителот и членките (активен, одјавен или во стечај)
- Задолжувања по ДДВ-ПНПИ и уплати од извршители
- Уплати од нерегистрирани даночни обврзници
- Несоодветни валути
- Даночни пријави со статуси кои не се книжат автоматски
- Состојби при пренос во вонкниговодствена евиденција и други нерасчистени состојби во евиденциите

☑ **ДД**

- Несторнирани рачно книжени месечни аконтации (задолженија)
- Уплати за камата за задоцнето плаќање на ДД без задолженија
- Несоодветни валути и други датуми
- Уплати при престанување на условите за даночно ослободување согласно Пресметка на данок на добивка при престанување на услови за даночно ослободување (образец ДД-ДО) без прокнижени задолженија
- Други состојби

☑ **МПИН**

- Невалидни МПИН (поднесени од институции) кои се водат како неплатени
- Невалидни исправки на МПИН (пресметки со вид на обврска 103) кои се водат како неплатени
- Несторнирани МПИН за земјоделци и верски лица за кои дошло до промена на статусот

☑ **ДЛД до 2018 година (ДАНИС)**

- Спојување на евиденции на ниво на даночен обврзник (ЕДБ и ЕМБГ)
- Спојување на евиденции за месечни аконтации и годишни даночни пријави (ГДП) и други нерасчистени состојби во евиденции

☑ **ДЛД од 2018 година (е-УЈП)**

- Неупарени уплати за е-ППД од физички лица, СВД и земјоделци, извршени со ПП50 и ПП53
- Поврати по ДЛД-ГДП или по Е-ППД за кои нема книжења на картица.

За сите видови даноци посебен осврт ќе се даде и на идентификување на даночните обврзници во стечај и соодветно постапување со нивниот долг, со оглед на тоа дека со отворањето на стечајната постапка наплатата на долгот повеќе не се врши во даночна постапка.

*Размена на податоци*
При уточнувањето на даночната евиденција на застарени долгови, по потреба, ќе се остварува комуникација со судови, стечајни управници, Централен регистар на РСМ и други надлежни органи.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НЕАКТИВНИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ

Неактивни субјекти за даночни цели се даночни обврзници кои формално постојат во трговскиот регистар, даночниот регистар и даночните евиденции на УЈП, но тековно немаат активности, не поднесуваат даночни пријави и не исполнуваат даночни обврски.

Предизвикот за овие даночни обврзници е да утврди и формално да се докаже дека немаат деловна активност, односно како физички лица се починати, иселени од земјата или непознати, додека УЈП ангажира ресурси за водење на евиденции и сл. Регистарот на даночни обврзници кој за даночни цели се води во УЈП е оптоварен со евиденции за даночни обврзници кои во подолг временски период не исполнуваат даночни обврски и се претпоставува дека немаат стопански активности, иако поседуваат правен легитимитет во однос на регистрацијата во соодветен регистар. Со нивната пасивност се искривува реалната слика за бројот на активни должници.

Неактивноста на даночниот обврзник не значи автоматски дека неговиот долг е ненаплатив. Тоа зависи од имотната состојба на даночниот обврзник и други законски можности за наплата. Но, неактивноста на даночниот обврзник е сигнал дека истиот треба да добие посебен пристап.

**Критериуми за утврдување на потенцијално неактивни даночни обврзници**
Утврдувањето на неактивни субјекти од Листата на должници ќе се врши врз основа на следните критериуми:

- Даночни должници кои не поднеле даночни пријави по основ на ДДВ, ДБ, ДЛД и МПИН
- Даночни должници без вработени лица
- Даночни должници кои подолг период немаат исплатено плати на вработени лица согласно податоци од МПИН евиденција
- Даночни должници кои немаат евидентирано промет преку ГПРС системот или на банкарска сметка
- Други критериуми.

**Теренски и други активности**
За потенцијално неактивни субјекти, се врши и теренска проверка на субјектите, со акцент на:

- пронаоѓање на даночниот должник на регистрираната адреса
- проверка дали должникот врши некакви стопански активности
- проверка дали должникот на лице место има некакви средства и имот.

Покрај теренската проверка, се врши и проверка во други регистри и бази на податоци со цел да се утврди дали должникот располага или располагал со имот, дали извршил пренос на имот и сл., од што ќе зависи процената за категоризација на заостанатиот долг (наплатлив, тешко наплатлив или ненаплатив) и дали должникот ќе добие статус неактивен даночен обврзник. Воедно, ќе се вклучи и известување до засегнати релевантни органи, доколку е потребно.

На годишно ниво се врши контрола на неактивните даночни должници, со цел реевалуација на нивниот статус на неактивен субјект.

## УТВРДУВАЊЕ ВРЕМЕНО НЕНАПЛАТЛИВИ ДОЛГОВИ И СПРОВЕДУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ОТПИС

Покрај потенцијално неактивните даночни обврзници, друга група на даночни должници за кои треба да се провери наплатливоста на долгот се оние кај кои подолг период нема впаричување, врз основа на следните критериуми според кои наплатата не може да успее откако претходно се превземени сите мерки за наплата на долгот според ЗДП:

- Времено ненаплатлив долг поради **немање на имот** се утврдува кај оние даночни обврзници кај кои се констатира дека даночниот обврзник нема никаков имот од

кој би можел да се наплати даночниот долг, но по претходна целосна проверка и уверување дали долгот може да се наплати од даночен гарант и дали треба да се иницира некоја специфична правна или судска постапка за наплата на долгот од правен наследник, постапка за оспорување на бесплатен пренос на имот на блиски лица, поднесување на пријава за стечај или др.

- Времено ненаплатлив долг поради одјава од **Регистарот на даночни обврзници** се утврдува на даночниот должник кој е избришан од Регистарот по основ на завршена стечајна постапка или бришење по службена должност.
- Времено ненаплатлив долг на **починато лице** се утврдува сé додека да се утврдат наследници, како и за долгот кој преостанува и не може да се бара исполнување од наследниците во рамките на вредноста на наследениот имот.

За ненаплативиот долг се спроведува привремен отпис во даночната евиденција. Воедно, привремен отпис се спроведува и кога **трошоците за спроведување на постапката за наплата не се соодветни на висината на даночниот долг** односно кога трошоците се поголеми од долгот што треба да се наплати. На годишно ниво се врши проверка на ненаплативите долгови и дали се создадени услови за продолжување на мерките за наплата.

**Утврдување застарени долгови и спроведување траен отпис**
Трајниот отпис на даночните долгови како законска можност на УЈП е важен дел од процесот на управување со даночните долгови. Траен отпис се врши на долгот за кој настапила застареност за наплата согласно одредбите од Законот за даночната постапка, односно изминале десет години по истекот на годината во која даночниот долг и споредните давачки пристигнале за плаќање. Утврдување застареност за наплата и спроведување траен отпис во даночната евиденција ќе се врши на годишно ниво секоја година, заклучно со крајниот датум на претходната година. До создавање услови за автоматизација на процесот на пресметка на условите за застареност, активноста ќе ја спроведуваат посебни комисии за попис и утврдување на фактичка состојба на застарени долгови, по утврдени критериуми.

**Фокусирани мерки за наплата на наплатливите долгови**
Паралелно со сите активности за категоризација и издвојување на ненаплатливите и застарените долгови, фокусот ќе се стави на наплатливите долгови од Листата на должници и на иницирање на сите преостанати законски мерки за наплата. За да се овозможи паралелно постапување, класификацијата на долговите од Листата на должници ќе се изврши со приоретизација на случаи со најголем удел на Листата на должници, најголем износ и сл. Покрај традиционалните мерки за присилна наплата од сите средства на должникот, активно ќе преземаат специфични мерки, како правни или судски постапка за наплата на долгот од правен наследник, оспорување на бесплатен пренос на имот на блиски лица, пријава за стечај и сл., согласно направена процена за секој случај и сите состојби кои влијаат на можностите за наплата.

# ПРАВНА РАМКА



Управувањето со даночните долгови на даночните обврзници од Листата на должници и прочистувањето на Листата се врши во согласност со:

- **Законот за управата за јавни приходи** („Службен весник на РМ“, бр.43/14...7/19 и „Службен весник на РСМ“, бр.87/23 и 03/25),
- **Законот за даночната постапка** („Службен весник на РМ“, бр.13/06...35/18 и „Службен весник на РСМ“, бр. 275/19...03/25),
- **Закон за стечај** („Службен весник на РМ“, бр. 34/06...192/15 и „Службен весник на РСМ“, бр. 86/25),
- **Процедура за спроведување на постапки за стечај и ликвидација** бр.20-8020/1 од 27.12.2023 година,
- **Упатство за методологија и процедура за утврдување на времено ненаплатлив даночен долг,**
- **Упатство за управување со даночни долгови** (идентификациски бр. 20-8019/1 од 27.12.2023 година),
- **Упатство за методологијата и постапката за утврдување даночна гаранција и наплата на долг од даночен гарант како друг даночен должник** (идентификациски бр.20-8016/1 од 27.12.2023 година),
- **Оперативна инструкција за начинот на постапување на вработените во УЈП во постапка на привремен и траен отпис на долг** (идентификационен бр.17-1219/1 од 14.02.2012 година),
- **Оперативната инструкција за бележење на неактивни даночни обврзници во регистарот на даночни обврзници на УЈП** (идентификациски бр.15-9141/1 од 30.07.2008 година),
- **Правилник за внатрешна организација на УЈП** бр.01-596-2 од 09.02.2024 година,
- **Правилникот за систематизација на работните места во УЈП** бр.01-597/2 од 09.02.2024 година, бр.01-597/3 од 24.09.2024 година, бр.01-597/5 од 27.09.2024 година, бр.01-597/9 од 26.11.2024 година, бр.01-988/3 од 07.02.2025 година, бр.01-988/6 од 10.02.2025 година, бр.01-988/9 од 12.05.2025 година, бр.01-988/12 од 15.07.2025 година и бр. 01-988/15 од 31.07.2025 година.
- **Други закони и интерни упатства** од надлежност на УЈП кои ја уредуваат проблематиката.

# ДРУГИ ПРАШАЊА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

## ОРГАНИЗАЦИСКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ

За успешно спроведување на Стратегијата потребно е да постои јасна распределба на надлежности, задачи и одговорности и дефинирани процеси. Сопственици на Стратегијата се помошникот директор за даночни функции и раководителите на Секторот за регистрација и утврдување на даноци и Секторот за наплата и управување со долгови, кои ќе ги организираат, координираат и мониторираат активностите кои ќе се спроведуваат преку надлежни организациони единици во Генералната дирекција и регионалните дирекции и преку работни групи.

Спроведувањето на Стратегијата оди паралелно со промени во внатрешната организација на функцијата наплата и управување со долгови, нова тро-столбна реорганизација на оперативните надлежности што ќе овозможи разграничување на масовните постапки (пристап кон долг) од случаи кои имаат посебен пристап и сложени-специфични случаи (пристап кон должник). Истовремено, се воспоставува централизиран Оддел за попис, процена и заплена на имот со интенција истиот да прерасне во Центар за даночно извршување.

За јасно дефинирање на процесите се изготвуваат нови методолошки упатства и стандардни оперативни процедури за главните мерки на Стратегијата: идентификација на неактивни даночни обврзници и утврдување ненаплативост.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТ

Во тек на спроведување на Стратегијата ќе се зајакнува правниот капацитет за постапување со сложени и специфични случаи. Основа за ова се создава со издвојување на постапувањето во посебен организационен дел – Служба за специфични мерки за наплата, која ќе се фокусира само на вакви случаи и на примена на специфични законски мерки за заштита на даночните побарувања на државата.
Воедно, преку централизиран Оддел за попис, процена и заплена на имот ќе се зајакнат капацитети за теренските дејствија за лоцирање на движен имот и недвижности на должникот, правилна процена на вредноста и впаричување.

## ИТ ПОДДРШКА

Во актуелните услови во УЈП, кога фрагментираните ИТ системи не овозможуваат едноставно интегрирање на податоци од базите, нема автоматизирани извештаи и сл., спроведувањето на ова Стратегија бара вклучување на ИТ специјалисти кои ќе дадат поддршка за спроведување на аналитичките активности.

# МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Следењето и евалуацијата на реализацијата на стратегијата претставува клучен процес за успешна имплементација и спроведување на оваа Стратегија. Преку следење на активностите, извештаите и роковите, се овозможува навремено препознавање на проблемите, прилагодување на плановите и оптимизација на ресурсите, а преку тоа подобрување на резултатите и спроведување на Стратегијата во предвидениот временски рок. Следењето е задача на сопствениците на Стратегијата кои за реализација на Стратегијата го известуваат и одговараат пред Директорот на УЈП.

Следењето и реализацијата на Стратегијата ќе се врши преку:

**Планирање на активности**

- Дефинирање на конкретни активности и изготвување оперативни планови кои произлегуваат од Стратегија
- Оптимизација на ресурси потребни за секоја активност
- Одредување на приоритети и фази на реализација, со цел ефективно менаџирање на времето и ресурсите.

**Извештаи и евалуација**

- Редовно подготвување на извештаи за напредокот на секоја активност, вклучувајќи постигнати резултати и идентификувани проблеми
- Квантитативни и квалитативни показатели
- Организирање на периодични евалуации за анализа на ефикасноста на Стратегијата.

**Рокови и одговорност**

- Дефинирање на конкретни рокови за завршување на секоја активност
- Воспоставување на систем за мониторинг на навременото спроведување на активностите
- Периодична ревизија на роковите и прилагодување според реалните услови и приоритети
- Јасно определување на одговорните лица за секоја активност.

# ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА УСПЕШНОСТА

Заради мерење на успешноста од примената на оваа Стратегија, се дефинираат следните индикатори:

- Намалување на бројот на даночни должници во Листа на должници
- Бројот на должници со ДДВ, ДД, ДЛД и МПИН долг во последната листата на должници  е помал во тековната година во однос на бројот на должници во последната листа на должници во претходната година.
- Намалување на износот на даночен долг во Листата на должници
- Износот на даночен долг од последната Листа на должници во тековната година е помал од износот на даночен долг од последната Листа на должници во претходната година.
- Подобрување на стапката на навременост на плаќање на ДДВ
- Стапката на навременост на плаќање на ДДВ исто така е меѓународно прифатен показател за процена на успешноста на наплатата. Навременото плаќање на данок со спречува генерирањето на заостанати долгови.
- Подобрување на соодносот ДДВ долг / ДДВ приход на годишно ниво
- Соодносот ДДВ долг / ДДВ приход е меѓународно прифатен показател за процена на успешноста на наплатата. Намалувањето на заостанатите долгови, што е генерална цел на оваа Стратегија, овозможува да се подобри соодност на долгот и вкупниот наплатен приход.

За овие показатели во посебен документ ќе се утврди појдовната основа и целите за 2026 и 2027 година.

# РИЗИЦИ И МЕРКИ ЗА НИВНО УБЛАЖУВАЊЕ

**Оперативни ограничувања**

- Недоволно ресурси, заради оптовреност со задачи од тековните проекти за дигитализација
- Мерка: Користење на ресурси од регионалните и локалните организациони единици
- Неможност за спроведување на траен и времен отпис во одредени ситуации
- Мерка: Широко размислување и барање алтернативи кои ќе овозможат соодветно евидентирање
- Недоставување на потребни податоци од други органи
- Мерка: Склучување меморандуми за соработка и воспоставување механизми за тековно добивање на податоци

**Правни ризици**

- Нејасни правни прашања, правни постапки, подолги постапки за утврдување на факти и сл. во врска со сложени и специфични случаи
- Мерка: соработка со други органи и други механизми за јакнење на правниот капацитет

**Репутациски ризици**

- Недоволно разбирање на целта и ефектите на Стратегијата во јавноста
- Мерка: Кампања
- Отпор од вработените
- Мерка: Донесување јасни процедури и споделување на одговорноста

# ЗАКЛУЧОК

*Прочистувањето на листата на даночни должници претставува клучен предуслов за поефикасно управување со даночните долгови. Со воспоставување реална, ажурирана и управлива база на податоци, даночната администрација создава основа за правилна приоритизација на предметите, рационално користење на ресурсите и фокусирање на наплатата таму каде што резултатот е возможен.*

*Управувањето со даночните долгови не е изолирана функција, туку институционална одговорност на сите сегменти на даночната администрација. Превенцијата, даночната контрола, услугите кон обврзниците и наплатата мора да делуваат координирано, со заедничка цел – навремено утврдување и ефективна наплата на даночните обврски. Само преку таков интегриран пристап може да се обезбеди одржлив и правичен даночен систем.*

*Очекуваните ефекти од спроведувањето на оваа стратегија се повеќекратни: подобрена наплата, намалување на даночниот јаз и зајакнување на довербата на граѓаните во даночната администрација. Кога наплатата е ефикасна и праведна, се испраќа јасна порака дека даночните обврски важат подеднакво за сите, а државата постапува одговорно, транспарентно и во интерес на јавноста.*

*Динамиката во работењето на УЈП ја наметнува потребата оваа Стратегија да биде флексибилна и адаптибилна, редовно да се ревидира и ажурира со цел да одговори на тековните предизвици, законските промени, дигитализацијата, другите организациски промени, обезбедувајќи ефикасна наплата и транспарентно и одржливо управување со долговите.*

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
Бул. „Кузман Јосифовски - Питу” бр.1, 1000 Скопје
е-пошта: info@ujp.gov.mk
Инфо центар 0800 33 000; 02/3253 200
www.ujp.gov.mk